**Број 23 Година XIV**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА**
**ОПШТИНА КАРПОШ**

**СКОПЈЕ, декември 2020**

***ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925***
***www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk***

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Извештај на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Карпош и Предлог за верификација на составот на комисиите за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, комисијата за спорт и комисијата за урбанистичко планирање при Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Карпош и Предлог за верификација на составот на комисиите за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, комисијата за спорт и комисијата за урбанистичко планирање при Советот на Општина Карпош, донесен на педесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/1**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесетата седницата, одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Карпош и Предлог за верификација на составот на комисиите за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, комисијата за спорт и комисијата за урбанистичко планирање при Советот на Општина Карпош**

1. Со овој Заклучок Советот на Општина Карпош го усвојува Извештај од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Карпош, за преостанатиот дел од мандатот на составот на Советот на Општина Карпош 2017-2021 и Предлог за верификација на составот на комисиите за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, комисијата за спорт и комисијата за урбанистичко планирање при Советот на Општина Карпош

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/3**
**Датум:04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 6, член 124, член 127 и член 131 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006 , член 38 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 10 од Статутот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 ,9/2019 и 7/2020), Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување при Советот на Општина Карпош, на дваесет и осмата седница на Комисијата, одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**ИЗВЕШТАЈ**
**на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Карпош и Предлог за верификација на составот на комисиите за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, комисијата за спорт и комисијата за урбанистичко планирање при Советот на Општина Карпош**

1. На 49 тата Седница на Советот на Општина Карпош, Советот донесе Решение со кое го констатира престанувањето на мандатот на членот Андреј Манолев поради заминување на друга функција. Потоа Советот на Општина Карпош достави Известување и поднесе барање до Општинската Изборна Комисија-Карпош да достави Уверение за верификација на нов член на Советот на Општина Карпош од листата на советници на СДСМ и Коалицијата за мандатниот период од 2017-2021 година.
Општинската Изборна Комисија достави Уверение за верификација на мандат на нов член на Советот на Општина Карпош Бобан Ацевски.
Комисијата за верификација, мандатни прашања избори и именувања ќе му предложи на Советот на Општина Карпош да го усвои Решението за верификација на мандатот на новиот член на Советот на Општина Карпош, за преостанатиот дел од мандатот на Советот на Општина Карпош 2017-2021 година.

2. Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања избори и именувања му предлага на Советот на Општина Карпош за член на Комисијата за верификација мандатни прашања избори и именувања да биде избран Бобан Ацевски член на Советот на Општина Карпош, на местото на членот на Советот Андреј Манолев.

3. Комисијата за прашања на верификацијата, мандатни прашања избори и именувања му предлага на Советот за член на Комисијата за спорт да биде избран Филип Даскаловски член на Советот на Општина Карпош, а на местото претседател на Комисијата за спорт на кое беше членот на Советот Андреј Манолев, да биде членот на Советот Владимир Станивуковиќ.

4. Комисијата за прашања на верификацијата, мандатни прашања избори и именувања му предлага на Советот на Општина Карпош за член на Комисијата за урбанизам да биде избран Владимир Станивуковиќ член на Советот на Општина Карпош, на местото на членот на Советот Андреј Манолев.

**Бр:0912-7601/3**
**Датум:04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Комисијата за прашања на верификација**
**мандатни прашања, избори и именувања**
**Филип Даскаловски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за верификување мандат на член на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Решението за верификување мандат на член на Советот на Општина Карпош, донесено на педесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/2**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со членот 6 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за верификување мандат на член на Советот на Општина Карпош**

1. Се верификува мандатот на членот на Советот на Општина Карпош Бобан Ацевски, за преостанатиот дел од мандатот на составот на Советот на Општина Карпош 2017-2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/4**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување, донесено на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/3**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 39, став 1, алинеја 1 од Статутот на Општина Карпош- („Службен гласник на Општина Карпош“ “ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014,9/2019 и 7/2020), а во врска со член 124 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на педесетата седница одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување**

1. Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување бр.7867/2 од 25.10.2017 година, донесено на првата (конститутивна седница) на Советот на Општина Карпош што се одржа на 25.10.2017 година., на начин што:

Во точка 2 алинеја 2 името Андреј Манолев се брише и на негово место се запишува името Бобан Ацевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/5**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање донесено на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/4**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 39, став 1, алинеја 4 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), а во врска со член 127 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање**

1. Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање бр.09-8601/6 од 30.11.2017 година, донесено на третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 ноември 2017 година, на начин што:

Во точка 2 алинеја 2 името Андреј Манолев се брише а на негово место се запишува името Владимир Станивуковиќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/6**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт, донесено на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/5**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 39, став 1, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), а во врска со член 131 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување и дополнување на Решенето за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**

1. Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт бр.09-8601/10 од 30.11.2017 година, донесено на третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 ноември 2017 година , на начин што:

Во точка 2 името Андреј Манолев се брише и на негово место се запишува името Филип Даскаловски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09- 7600/ 7**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, донесено на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/6**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019), а во врска со Барањето бр.09-7470/1 од 24.11.2020 година, Советот на Општина Карпош, на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“„ Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешуваат претставниците предложени од Советот на родители на ООУ„Аврам Писевски“, а именувани/верификувани од основачот Општина Карпош, од членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“-Скопје, и тоа:

- Ердоган Кадриевски, поради нередовност (врз основа на записник за редовност не бил присутен последователно на три состаноци и при тоа не го најавил своето отсуство
- Анета Симоновска, на лично барање (поради семејни причини)

2. За членови на училишниот одбор предложени од Советот на родители на ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, се именуваат/верификуваат:

- Мирјана Младеновска
- Тања Михајловска

3. Се разрешуваат претставниците предложени од Наставничкиот совет на ООУ„Аврам Писевски“, а именувани/верификувани од основачот Општина Карпош, од членови на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“-Скопје, поради истек на мандатот од 3 години:

- Зорица Бебекоска Спиридонов
- Кристина Андриќ Стојановска
- Елена Мазни

4. За членови на училишниот одбор предложени од Наставничкиот совет на ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, се именуваат/верификуваат:

- Зорица Бебекоска Спиридонов
- Кристина Андриќ Стојановска
- Елена Мазни

5. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/ 8**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлуката за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2020/2021 година, донесена на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/7**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Преглед на спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош, Точка 3.Стипендии за талентирани спортист, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019 и 16/2020), Советот на Општина Карпош на педсетата седница, одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат спортски стипендии за 5 спортисти – ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2020/2021 година и тоа:

- 4 од Прва категорија, во износ од 3.000,00 денари
- 1 од Втора категорија, во износ од 2.500,00 денари

**Член 2**

Исплатата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука, се врши месечно во период од 01.11.2020 година па заклучно со 31.12.2020 година и од 01.02.2021 година до 30.06.2021, од средствата предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2020година и 2021 година, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 464 - разни трансфери, потставка 464120 – стипендии за поддршка на млади таленти, по предходно спроведена постапка по објавениот оглас од страна на Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

За исплата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука поединечни решенија ќе донесе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/ 9**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година**

1. Се објавува Одлуката за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година, донесена на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/8**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 3.Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019, 16/2020), Советот на Општина Карпош, на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат стипендии за 20 талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- 14 од Прва категорија, во износ од 3.000,00 денари
- 6 од Втора категорија, во износ од 2.500,00 денари

**Член 2**

Исплатата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука, се врши месечно во период од 01.11.2020 година па заклучно со 31.12.2020 година и од 01.02.2021 година до 30.06.2021, од средствата предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2020 и 2021 година, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 464 - разни трансфери, потставка 464120 – стипендии за поддршка на млади таленти, по предходно спроведена постапка по објавениот оглас од страна на Комисијата формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

За исплата на материјалната поддршка од член 1 на оваа одлука поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/10**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош, донесена на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/9**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка и 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 65, став 14 од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 244/19), Советот на Општина Карпош на педесетата седница одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење, во сопственост на Општина Карпош.

**Член 2**

Објектите за спорт во сопственост на Општина Карпош се категоризираат и класифицираат согласно нивната функционалност, опременост, безбедност, инфраструктурни компоненти и содржини за спорт и спортско-рекреативни активности, согласно стандардите за организирање национален и меѓународен систем на натпревари.

**Член 3**

Објектите за спорт што се во сопственост на Општина Карпош обезбедуваат услови за:

- остварување на локалниот интерес;
- остварување на содржините на спортските активности;
- обезбедување на квалитет и можности за одржување на спортски натпревари од спортско-рекреативни активности,
- натпревари од системот на националните спортски федерации;

**Член 4**

Објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош се дадени во Табела 1, кој е составен дел на оваа Одлука.

Табела

1.

| Редбр. | Спортски објект | Адреса | Класификација |
|---|---|---|---|
| 1. | Општинско основно училиште Х.Т.Карпош | Ул. Орце Николов бр.161 | Училишна сала |
| 2. | Општинско основно училиште В.Ц.Трена | Ул. Руѓер Бошковиќ бр.9 | Училишна сала |
| 3. | Општинско основно училиште Војдан Чернодрински | Ул. Дрезденска бр.3 | Училишна сала |
| 4. | Општинско основно училиште Владо Тасевски | Ул. Миле Поп Јорданов бр.74 | Училишна сала |
| 5. | Општинско основно училиште Ј.А.Коменски | Ул. Варшавска бр.23 | Училишна сала |
| 6. | Општинско основно училиште Братство | Ул. Московска бб | Училишна сала |
| 7. | Општинско основно училиште Д.Х.Димов | Ул. Ангел Динев бр.5 | Училишна сала |
| 8. | Општинско основно училиште П.П.Арсов | Ул. Трифун Бузев бр.2 | Училишна сала |
| 9. | Општинско основно училиште Лазо Трповски | Ул. Радика бр.9 | Училишна сала |
| 10. | Општинско основно училиште Аврам Писевски | Ул. 2 бр.10 | Училишна сала |
| 11. | Општинско основно училиште Ј.А.Коменски | Ул. Варшавска бр.23 | Двоен тениски терен |
| 12. | Општинско основно училиште П.П.Арсов | Ул. Трифун Бузев бр.2 | Троен тениски терен |
| 13. | Кеј на река Вардар | Помеѓу ул.„Љубљанска крак„ и улица „Новопланирана“, г.п.02/01 | Алпинистичка карпа |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Кеј на река Вардар | Помеѓу ул.„Љубљанска крак„ и улица „Новопланирана“, г.п.02/01 | Двоен тениски терен |

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-7600/11**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи, донесена на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/10**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9, член 36, став 1, точла 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со глава II. Дел Развивање и унапредување на методологијата на работењето во Јавните установи општински детски градинки, Точка 7. Обновување и унапредување на дидактичките материјали во Јавните установи општински детски градинки од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/19 и 16/2020), Советот на Општина Карпош на педесетата седница одржана на 4 декември 2020 година донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи**

**Член 1**

Се одобруваат финансиски средства во износ од 100.000,00 денари, со цел развивање и унапредување на методологијата на работење во Јавните установи општински детски градинки, за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 423 – материјали и ситен инвентар и потставка 423 990 – други материјали.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/ 12**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

1. Се објавува Одлуката за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, донесена на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/11** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:07.12.2020 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), Програмата за активностите на Општина Карпош во областа детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година во Точка 2.Одбележување на 3-ти Декември Денот на лицата со попреченост под мотото „Сите сме исти“, сподели среќа“ („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019 и 16/2020), а во врска со Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември-Денот на лицата со попреченост бр.09-6997/9 од 12.11.2020 година, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош на педесетата седница одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши прецизирање на Одлуката за одобрување на средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, бр. 09-6997/9 од 12.11.2020 година, донесена на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, на начин што одобрените средства во бруто износ до вкупно 550.000,00 (петстотини и педесет) денари, со пресметан песонален данок, ќе бидат исплатени во вкупен износ 513 000 ,00денари бруто, со пресметан персонален данок.

Поединечениот нето вкупен износ изнесува 462.000,00 денари (по 3.000,00 денари за 154 лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош без пресметан персонален данок).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7600/ 13**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

1. Се објавува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) донесена на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/12**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со Одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2)бр. 09-5350/21 од 18.09.2020, донесена на 43 седница, Советот на Општина Карпош, на педесетата седницата одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош, дава согласност за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 16.646.946,00 мкд, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект "Реконструкција на улици во урбаната заедница Карпош 1 и 2 и тоа: ул. Гиго Михајловски, ул. Иван Аговски, ул. Шекпирова, ул. Мирка Гинова".

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

-Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон
-Грејс период: максимум 3 години
-Рок на отплата: максимум 10 години
-Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2033 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош‘‘.

**Број: 09-7600/14**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за намера за поднесување на концептна нота на Општина Карпош во рамки на проектот ЕУ за општините - Подобрување на општинските услуги преку иновативен концепт**

1. Се објавува Одлуката за намера за поднесување на концептна нота на Општина Карпош во рамки на проектот ЕУ за општините - Подобрување на општинските услуги преку иновативен концепт, донесена на педесетата седница, одржана на 4 декември 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7825/13**
**Датум:07.12.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на педесетата седницата одржана на 4 декември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за намера за поднесување на концептна нота на Општина Карпош во рамки на проектот ЕУ за општините - Подобрување на општинските услуги преку иновативен концепт**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за утврдување на намера за поднесување на концептна нота на Општина Карпош во рамки на проектот ЕУ за општините - Подобрување на општинските услуги преку иновативен концепт. Станува збор за Повик од страна на Европската унија објавен на 22.10.2020 година, со рок на поднесување на 30.12.2020 година. Со тоа Општината Карпош ќе аплицира со проектот:

Едукација на населението уште од најмала возраст за зголемување на свеста за заштита на животната средина, инсталирање на вендинг машини за селекција на пластични шишиња и лименки во сите урбани и руални средини, како и развивање и јакнење на свеста посебно кај возрасното население за правилно складирање на кабастиот отпад и негово собирање преку набавка на 4 контејнери, 1 камион за нивно собирање, како и 1 багер.

**Член 2**

По евентуално одобрување на концепната нота од страна на делегацијата на Европската унија најдоцна до 15.02.2021 година, Општина Карпош ќе пристапи кон подготовка на целосната апликација и буџетот за горе именуваниот проект. За таа цел, Секторот за развој ќе се задолжи кон подготовка на нова Одлука за поднесување на целосна апликација најдоцна до 31.03.2021 година со точно дефиниран износ на проектот и износ на ко-финансирање од страна на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош‘‘.

**Број: 09-7600/15**
**Датум: 04.12.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. **Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Карпош и Предлог за верификација на составот на комисиите за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, комисијата за спорт и комисијата за урбанистичко планирање при Советот на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;**
2. **Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Карпош, врз основа на предлог од Општинската изборна комисија Карпош, со Заклучок за објавување;**
3. **Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и ченови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, со Заклучок за објавување;**
4. **Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање, со Заклучок за објавување;**
5. **Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт, со Заклучок за објавување;**
6. **Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување;**
7. **Одлука за определување на спортски стипендии за талентирани спортисти - ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош, за учебната 2020/2021 година, со Заклучок за објавување;**
8. **Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година, со Заклучок за објавување;**
9. **Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во сопственост на Општина Карпош, со Заклучок за објавување;**
10. **Одлука за одобрување на средства за набавка на еколошки и дидактички материјали и играчки за децата од предучилишните установи, со Заклучок за објавување;**
11. **Одлука за прецизирање на Одлуката за одобрување средства на лица со попреченост од подрачјето на Општина Карпош по повод 3-ти декември - Денот на лицата со попреченост, со Заклучок за објавување;**
12. **Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), со Заклучок за објавување и**
13. **Одлука за намера за поднесување на концептна нота на Општина Карпош во рамки на проектот ЕУ за општините - Подобрување на општинските услуги преку иновативен концепт, со Заклучок за објавување.**

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**